# Колачиња

1. **Вовед**

### 1.1 Што се тоа „колачиња“?

„Колачиња“ се мали датотеки со податоци и се користат како единствени идентификатори. Секое колаче е единствено на Вашиот веб-прелистувач. Секое од колачињата содржи анонимни информации и се испраќа од серверот на веб-страницата што ја прегледувате на Вашиот компјутер или мобилниот телефон. Ќе се складира на Вашиот уред и само истиот сервер ќе може да ги вчитува или чита содржините на колачето. Како што ја прегледувате веб-страницата, испратените колачиња може да се испратат назад на серверите на веб-страницата со ажурирани податоци.

Колачињата може да бидат поставени од веб-страницата што ја посетувате („директни колачиња“) или пак, од организација што не е сопственик на веб-страницата што ја прегледувате („колачиња од трета страна“). На пример, колачињата може да бидат поставени од други веб-страници што репродуцираат содржини на страницата што ја прегледувате или пак, од аналитичка компанија од трета страна. И веб-страницата што ја посетувате може да содржи содржини вградени од други веб-страници, кои пак, од своја страна, може да постават сопствени колачиња. Дадена веб-страница може да користи рекламна мрежа од трета страна за да врши насочено рекламирање. Колачињата може да имаат и способност за следење на Вашите прелистувачки активности на други веб-страници.

Постојат два тип колачиња и тие се опишани подолу.

**Колачиња за сесија**

Колачињата за сесија се складираат само привремено во текот на сесијата на прелистување и се бришат од уредот кога ќе се затвори прелистувачот.

**Трајни колачиња**

Овие колачиња се зачувуваат на Вашиот компјутер одреден временски период (обично една година или подолго) и не се бришат кога ќе се затвори прелистувачот. Трајните колачиња се користат за да Ве идентификуваат од една до друга сесија на прелистување, како на пример, за складирање на Вашите поставки, за да се запомнат за следната посета.

2. **Како Wizz Air користи колачиња?**

Нашата веб-страница, wizzair.com, користи колачиња.  Колачињата ги поставува WIZZ Air Hungary Ltd. (регистрирано седиште: 1103 Budapest, Laurus Offices, Kőér street 2/A, Building B; регистарски број на компанијата: 01-09-964332; регистарски број за приватност на податоците: 01001 („ние“, „нам“, „наш“).

Колачиња користиме за да го подобриме Вашето искуство како корисник со тоа што овозможуваме нашата веб-страница да Ве идентификува, независно од тоа дали е само во текот на Вашата посета (при што се користи „колаче за сесија“) или за повеќе посети (при што се користи „трајно колаче“).  Колачињата што ги користиме може:

(a) да бидат неопходни само за да Ви овозможат да се движите на страницата или за да се обезбедат одредени основи функции, или
(b) да се подобри функционалноста на нашата веб-страница со тоа што ќе се складираат, на пример, Вашите поставки.  Ги евидентираат изборите што сте ги направиле (на пример, Вашето корисничко име или изборот на јазик) и ни овозможуваат да Ви обезбедиме лично искуство, или
(c) ни помагаат да ја подобриме работата на веб-страницата за да Ви обезбедиме подобро искуство при користењето. Информациите што ги обезбедуваат колачињата се анонимни и ни помагаат да разбереме како посетителите ја користат нашата веб-страница за да може да го подобриме начинот на кој Ви ги прикажуваме нашите содржини. Ваквите услуги обично ги вршат независни компании за мерење и истражување, па колачињата може да бидат од трета страна.

Ако не користиме колачиња, нашата веб-страница ќе смета дека сте нов посетител секогаш кога ќе се преместите на ново место на нашата веб-страница, како на пример, кога ќе ги внесете деталите за најавување и ќе отидете на друго место, нема да Ве препознае и нема да може да останете најавени. Колачиња користиме и за да им овозможиме на огласувачите да ги насочуваат своите реклами или маркетиншки пораки врз основа на, на пример, Вашата локација и/или навиките за прелистување на интернет.

Треба да ги користиме сите три категории колачиња (неопходни, функционални и колачиња одговорни за работата на страницата) за да ја одржуваме ефикасноста на нашата веб-страница и за да Ви обезбедиме веб-страница што е лесна за користење. Според тоа, колачињата не може поединечно да се оневозможат и ако продолжите да ја прелистувате нашата веб-страница и да ги користите нашите услуги, се согласувате дека може да ги поставиме овие колачиња на Вашиот уред.

Нашата веб-страница користи и колачиња за рекламирање согласно однесувањето на интернет за да му овозможи на Wizz Air да ги приспособи рекламите и да ги направи поважни за Вас, врз основа на областите што ги разгледувате на нашата веб-страница и географската локација на Вашата IP-адреса. Со наша дозвола, Ваквите колачиња ги поставуваат рекламни мрежи од трета страна.

## 3. Што ако не сакате да се постават колачиња на Вашиот уред

Согласноста да се поставаат колачињата е доброволна. Ако сакате, може да блокирате некои или сите колачиња или пак, да избришете колачиња што веќе се поставени. Целосни детали за тоа како да управувате со и/или да ги исклучите колачињата на различни типови веб-прелистувачи може да најдете на www.aboutcookies.org или на

https://support.microsoft.com/en-us/help/17442/windows-internet-explorer-delete-manage-cookies (за Internet Explorer), or

http://support.mozilla.org/en-US/kb/enable-and-disable-cookies-website-preferences (за Mozzilla/Firefox)

https://support.google.com/chromeos/answer/95647?hl=en (за Chrome)

http://www.opera.com/help/tutorials/security/privacy/ (за Opera)

https://support.apple.com/kb/PH21411(за Safari)

Сепак, треба да имате предвид дека ако ги блокирате или избришете неопходните, функционалните и/или колачињата одговорни за работата на страницата испратени од нашата веб-страница, нема да може да ја користите страницата за резервирање и ќе треба да го повикате нашиот Центар за поддршка за да продолжите со Вашето барање.

Може да ги прегледувате  типовите колачиња што се користат на веб-страницата на Wizz Air и да добиете информации како да ги промените поставките за нив и/или да ги исклучите колачињата што ги користи веб-страницата на Wizz Air.

Имате право да барате информации за обработката на податоците и да барате исправка, бришење или блокирање на Вашите лични податоци (ако има) собрани со поставувањето на колачињата. Во неочекуваниот случај кога правата поврзани со личните податоци се прекршени, може да се обратите во Службата за надзор на заштитата на податоците во Унгарија (*Nemzeti Adatvédelmi és Információszabadság Hatóság*, 1125 Budapest, Szilágyi Erzsébet fasor 22/C.; телефон: +36-1+391-1400; телефакс: +36-1-391-1410; е-пошта: ugyfelszolgalat@naih.hu) или во други надлежни служби (ако има) или пак, во надлежниот суд. Ако е дозволено според важечкиот закон, може и да не се согласите со обработката на податоците (ако има). Вашите детални права и правни средства се наведени во подглавите 13-17 и 30 на Законот CXII од 2011 за информациско самоопределување и слобода на информациите.

# Видови колачиња што ги користи сајтот на Wizz Air

## 3.1. Строго неопходни колачиња

Овие колачиња се строго неопхдни за да можете да се движите по сајтот и да ги користите функциите што сте ги побареле при резервирањето (како користење на сметката WIZZ). Овие колачиња овозможуваат нашите сервери да реагираат на Вашите дејства на сајтот или при разгледување на сајтот за време на резервирањето. Резервирањето не би работело без нив. Тие колачиња обезбедуваат и постојано корисничко искуство при разгледувањето на сајтот на Wizz Air и да добивате ажурирани и конзистентни информации, како и да обезбедат wizzair.com да обезбеди оптимална брзина и перформанси додека се движите низ него.

**Строго неопходни колачиња при резервирањето на сајтот на Wizz Air**

| Име на колачето | Намена |
|---|---|
| ASP. NET_SessionId | Ова колаче се користи за да можете да се најавите на сајтот на Wizz Air. Колачето ќе се отстрани кога ќе го затворите прегледникот. |

## 3.2. Функционални колачиња

Овие колачиња ја подобруваат функционалноста на сајтот со чување на преференците. Функционалните колачиња снимаат информации за изборите што сте ги направиле (како корисничкото име и јазикот) и овозможуваат да Ви обезбедиме полични функции.

**Примери на функционални колачиња поставени од сајтот на Wizz Air**

| Име на колачето | Намена |
|---|---|
| Култура | Ова колаче ни овозможува да го запомниме јазикот што го избирате при посетата и истекува по една година. |

## 3.3. Колачиња за перформансите

Овие колачиња се користат за внатрешни цели за да ни .помогнат да ја подобриме изведбата на сајтот, за подобро корисничко искуство Информациите дадени од колачињата се анонимни и ни помагаат да разбереме како нашите посетители ги користат сајтовите на Wizz Air, па да можеме да подобриме како Ви ги претставуваме содржините. Овие услуги обично ги вршат независни фирми за мерење и истражување. Во тој случај, колачињата може да ги постави друго лице (колачиња од други лица). Колачињата од други лица се наведени во списокот подолу, заедно со информациите како може да одбиете да ги примате. Меѓутоа, треба да знаете дека ако се исклучени тие колачиња, нема да може да го користите сајтот иќе треба да се јавите по телефон за да резервирате.

**Примери за колачиња за перформанси од сајтот на WIZZ AIR и нашите доставувачи**

| Име на колачето на Wizz Air или на доставувачот | Намена |
|---|---|
| Google Analytics | Ова е услуга за анализирање на мрежата од Google, Inc. Google Analytics остава колаче за да ја процени употребата на овие услуги и да направи извештај за нас. |

| | |
|---|---|
| | **Непримање колачиња од Google Analytics.** |
| __utma | Колаче Google Analytics. Ова колаче обично се запишува во прегледникот при првата посета на нашиот сајт од тој прегледник. Ако колачето е избришано од операторот на прегледникот, а прегледникот потоа ни го посети сајтот, ќе се запише ново колаче __utma со различен единствен ИД. Во повеќето случаи, ова колаче се користи за одредуваењ уникатни посетители на сајтот и се ажурира при секое прегледување на страницата. Освен тоа, колачето има уникатен ИД што Google Analytics го користи за да ги обезбеди и важноста и пристапноста на колачето како дополнителна безбедносна мерка. Истекува две години по поставувањето/ажурирањето. |
| __utmb | Колаче Google Analytics. Ова колаче се користи за утврдување и продолжување корисничка сесија на сајтот. Кога корисник прегледува страница на сајтот. шифрата на Google Analytics се обидува да го ажурира колачето. Ако не го најде колачето, се пишува ново и се востановува нова сесија. При секоја посета на нова страница на сајтот, ова колаче се ажурира да истече за 30 минути, со што се продолжува единечна сесија додека има корисничка активност во интервали од 30 минути. Ова колаче истекува кога корисникот ќе застане на станица или на сајт подолго од 30 минути. Може да ја смените основната должина на корисничката сесија со методот _setSessionCookieTimeout(). Истекува 30 минути по поставувањето/ажурирањето. |
| __utmc | Колаче Google Analytics. Ова колаче веќе не се користи од шифрата за следење ga.js за да се одреди состојбата на сесијата.<br>Историски земено, колачево работеше заедно со колачето __utmb за да се одреди дали да воспостави нова сесија за корисникот. За компатибилност score наназад со сајтови што уште ја користат шифрата за следење urchin.js, колачево ќе продолжи да се пишува и ќе истече кога корисникот ќе излезе од прегледникот. Меѓутоа, ако го дебагирате следењето на Вашиот сајт и ја користите шифрата за следење ga.js, не треба да го толкувате постоењето на ова колаче во врска со нова или истечена сесија. |
| __utmz | Колаче Google Analytics. Ова колаче чува тип референца што ја користи посетителот за да дојде до сајтот, преку директен метод или преку посредна врска, пребарување сајт или кампања како оваа или врска по мејл. Се користи за пресметување на сообраќајот на погонот, за рекламни кампањи и за движење по страницата на Вашиот сајт. Колачето се ажурира со секое прегледување страница на Вашиот сајт. Истекува 6 месеци по поставувањето/ажурирањето. |
| median_count | Колаче на скрипта за следење. Дава информации за бројот на посетителите и посетените страници. |

### 3.4. Интернетски рекламни колачиња поврзани со однесувањето

Овие колачиња се користат да го прилагодат рекламирањето според корисникот. Намената на овие колачиња е да се распознае какво рекламирање може да биде најрелевантно за Вас, врз основа на подрачјата што ги разгледувате на нашите сајтови и Вашата гео-локација според ИП-адресата. Колачињата ги пласираат други рекламни мрежи со наша дозвола. За повеќе информации за нашите интернетски рекламни колачиња поврзани со однесувањето и начинот за исклучување, одете на: http://www.youronlinechoices.eu/.

**Примери на интернетски рекламни колачиња поврзани со однесувањето поставени за корисниците**

| Идентитет на добавувачот | Намена и објаснување како се користи колачето |
|---|---|
| Adara Media | Корисничките профили што се создаваат со користењето колачиња овозможуваат Adara да прикажува целни огласи. Тие огласи се многу релевантни за корисникот со оглед на последните пребарувања и резервации на www.wizzair.com.<br><br>Ако корисник го посети www.wizzair.com првпат и се согласи да се постави ова колаче, тоа се создава во прегледникот на корисникот. Самото колаче не содржи други информации освен единствен идентификатор (на пр. ABC12345) што овозможува Adara да го препознава корисникот на интернет. Бидејќи не се прибираат информации што може да идентификуваат, Adara не може да го поврзе колачето со одредено име, адреса или друга лична информација. |

| | |
|---|---|
| | Штом Adara ќе идентификува посетител на друг сајт, Adara може да прикаже релевантен оглас за тој корисник. |
| Appnexus | Намената на ова следење е да се одреди целта според однесувањето кога следењето е насловено „Segment Pixel“, а следење според перформансите кога шифрата на следењето е „Conversion Pixel“.<br><br>Име на колачињата: sess (рок на траење: 1 месец), uuid2 (рок на траење: 3 месеци), anj. (рок на траење: 3 месеци) Избор за исклучување: http://appnexus.com/platform-policy#choices |
| Gravity | Wizz Air може да ги користи колачињата на други сајтови за да ги менува огласите преку интернет врз основа на Вашата историја на разгледување на интернет. Тоа му овозможува на обезбедувачот на рекламни огласи да прибира информации за Вашите посети на други сајтови, за рекламите што сте ги виделе и кои сте ги кликнале. Можете да ја исклучите оваа услуга на: http://api.worldgravity.com/static/optout.html |

## 4. Партнери на Wizz Air

Кога користите сајт на нашите партнери, може да се постави колаче од посетениот сајт. Ние не раководиме со тие сајтови и не го контролираме распространување на тие колачиња. Треба да видите на сајтовите на другите лица за повеќе информации за нив.

## 5. Промени на политиката за колачињата

Редовно ја разгледуваме оваа политика за колачињата и го задржуваме правото да ги измениме или повлечеме одредбите на оваа политика во секое време произволно. Измените на политиката за колачињата може да се случат особено ако е потребно поради промени во законодавството, праксата или надлежните власти, потреби од комерцијална или клиентска природа или новооткриени безбедносни ризици. Оваа политика за колачињата е ажурирана на 17 октомври 2013. Ако имате прашања или коментари во врска со оваа политика за колачињата, обратете се на customerrelations@wizzair.com. Оваа политика за колачињата важи истовремено со нашата Политика за приватност.